35 years AURORA TOURS

# КИНА – ПЕКИНГ, СИАН & ШАНГАЈ

## Магијата на Кина – патување низ вечноста

**02.03 – 10.03.2026 | 6 ноќи – 9 дена | Вклучени тури, разгледи и екскурзии**

**Групна авионска програма со лет од Скопје ✈**





| | |
|---|---|
| **Авионски лет:** | **Austrian Airlines & Lufhansa (Скопје–Виена–Минхен-Пекинг / Шангај–Виена–Скопје)** |
| **Поаѓање:** | **02.03.2026 во 04:30ч. (Скопје)** |
| **Пристигнување:** | **03.03.2026 во 12:25ч (Пекинг)** |
| **Услуга:** | **6 ноќевања со појадок и вечера – 6 HB** |
| **Сместување (услуга)** | **2 ноќи во хотел 4* (Beijing Qianmen Jianguo Hotel или Boyue Beijing Hotel или Beijing Guangxi Hotel или сличен) во Пекинг** |
| | **2 ноќи во хотел Xi'an Bell Tower Hotel 4* (или сличен) во Сиан (Xi'an)** |
| | **2 ноќи во хотел Shanghai Ocean hotel 4* во Шангај** |
| **Друго вклучено:** | **Трансфери + разгледи според програма + претставник од Македонија** |
| **Враќање во Скопје:** | **10.03.2026 во 11:45ч.** |

**КИНА** – Добредојдовте во земјата каде што минатото и иднината се среќаваат во совршена хармонија! Кина е мистична, величествена и бескрајно разнолика – од древните ѕидови што зборуваат за илјадници години историја, до модерните метрополи кои сјаат во светлината на новото време. Ова е земја на култура, духовност и откритија што ќе ве инспирираат и засекогаш ќе останат во вашето срце.

**ПЕКИНГ** – срцето на империјата, е град каде секој камен раскажува приказна. Од моќниот Забранет град до величествениот Голем Ѕид, тука ќе ја почувствувате величината на древните династии и духот на современа Кина.

**СИАН** – чуварот на вечноста, некогашна престолнина на најстарите кинески царства, денес Сиан е жив музеј под отворено небо. Домот на прочуената Армија на теракотните војници, овој град е симбол на историја, култура и трајна традиција.

**ШАНГАЈ** – бисерот на Истокот, модерен, космополитски и полн со живот, Шангај е град што никогаш не спие. Меѓу неонските светла и старите улички ќе го откриете вистинското лице на современа Кина – елегантна, динамична и безвременска.

### ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕ

**Ден 1 – 02.03.2026 СКОПЈЕ – ВИЕНА – МИНХЕН – ПЕКИНГ**

Состанок на групата на аеродромот во Скопје во 02:30 часот. Полетување од Скопје за Виена во 04:30 часот, лет број OS764 со лет на авиокомпанијата Austrian Airlines. Слетување во Виена во 06:05 часот, локално време. Продолжување на летот за Минхен во 13.20 часот и пристигнување во 14.20 часот, локално време. Полетување од Минхен за Пекинг во 19.05 часот.

**Ден 2 – 03.03.2026 ПЕКИНГ**

Пристигнување на меѓународниот аеродром во Пекинг во 12:25 часот по локално време. По завршување на пасошките и царинските формалности, пречек од страна на претставник на локалниот партнер, по што следи организиран трансфер за посета на **Летната палата (Summer Palace)**, комплекс од палати, градини и езера од времето на династијата Чјинг (Qing), една од најголемите и најдобро зачувани царски градини во Кина. На пат до хотелот, застанување кај **Олимписките стадиони – „Птичјо гнездо“ (Националниот стадион) и „Водена коцка“ (Националниот воден центар)**, каде ќе имате можност да направите прекрасни фотографии. Двата објекта беа изградени за Летните олимписки игри во 2008 година и повторно искористени за Зимските олимписки игри во 2022 година. **Вечера.** Сместување во хотел. **Ноќевање.**

• • •

**Ден 3 – 04.03.2026 ПЕКИНГ**

**Појадок.** По појадокот, посета на **Храмот на Небото (Temple of Heaven),** најголем и највпечатлив кинески храм, ремек-дело меѓу древните кинески храмови. Небесниот Храм бил користен од императорите од династиите Минг и Чјинг како место за обреди на обожување на небото, молејќи се за добра жетва и мир во царството. Во 1998 година овој храм е ставен на листата на светско наследство. Потоа следи екскурзија до **Големиот Кинески Ѕид (Great Wall - Juyongguan pass), превојот Џујонггуан**, кој во древни времиња имал важно стратешко значење. Големиот Кинески Ѕид се гордее со историја долга повеќе од 2.000 години и со вкупна должина од околу 21.000 км, што го прави едно од најимпресивните антички ремек-дела на планетата. Кинескиот ѕид во форма на џиновски змеј е уникатна архитектонска креација, видлива од вселената и безусловно сведочи за величината на древна Кина. Потоа следи посета на **фабриката за бисери**, каде можете да најдете накит изработен од едни од најдобрите бисери. Се враќаме кон Пекинг по што следи **посета и возење со рикша низ традиционални улички Хутонг (Hutong),** над 6000 улички кои ги го поврзуваат целиот Пекинг уште од античко време. На крај одиме на **организирана вечера,** со познатата традиционална пекиншка патка. Навечер можност за **факултативен излет – Акробатско шоу (35€ еур по лице)**. Враќање во хотелот. **Ноќевање.**

**Ден 4 – 05.03.2026 ПЕКИНГ – СИАН**

**Појадок.** По појадокот, следи екскурзија на **Плоштадот Тјенанмен (Tiananmen Square),** најголемиот плоштад во светот и еден од најпознатите симболи на Кина. **Портата Tian An Men (Портата на Небесниот мир - Gate of Heavenly Peace),** била влезот кон царската палата за време на династиите Минг и Чјинг. Потоа следи обиколка на величествениот **Забранетиот град (Forbidden city)**, со неговите бројни палати, павилјони и градини, непроценливи богатства на кинеската архитектура и уметност, моќниот и најголемиот комплекс на палати во светот и поранешен дом на 24 кинески императори. Вклучен на листата на светско наследство на УНЕСКО, Забранетиот град има околу 500 години историја и служел како политички и ритуален центар на Кина за време на династиите Минг и Чјинг. Зафаќа површина од 720.000 м², со повеќе од 980 згради и 9.999 соби, и не е само најголемата и најдобро зачувана колекција на древни градби во Кина, туку и „град во град“. На крај следи посета на **чајна куќа и церемонија на чај**, каде што можете да ја искусите целата процедура на пиење кинески чај. **Ручек.** Навечер, трансфер до железничката станица по што следи **возење со прочуениот брз воз - bullet train до Сиан (Xi'an) (G59 19:00 – 23:11)**. Пречек и сместување во хотел во Сиан. **Ноќевање.**

**Ден 5 – 06.03.2026 СИАН**

**Појадок.** По појадокот, посета на **фабриката за изработка на реплики на теракотните војници**, каде што занаетчиите изработуваат минијатурни копии од прочуените глинени војници. Посета на едно од најголемите археолошки откритија во светот, вклучено во светското културно наследство на УНЕСКО – **Музејот на Теракотната армија**, изграден по наредба на првиот кинески император Чин Шихуанг (Qin Shihuang), со цел неговата армија да го чува и во задгробниот живот. Досега се откриени околу 8.000 реалистични фигури на теракотни војници, кочии и коњи во природна големина. Ќе бидете восхитени од оваа подземна теракотна армија во природна големина – илјадници војници кои молчеливо стојат, чувари на својот император повеќе од две илјади години. Потоа следи посета на **Големата Пагода на Дивата Гуска (Giant Wild Goose Pagoda)**, симбол на величественоста на династијата Танг, добро зачувана древна градба и свето место за будистите, со ексклузивна можност за искачување на пагодата. Се продолжува кон Плоштадот **Bell & Drum Tower square,** каде се наоѓаат Кулата на ѕвоната (Bell Tower), стара повеќе од 600 години, и Кулата на тапаните (Drum Tower), најголемата од ваков вид во Кина, двете извонредни примери на архитектурата од династијата Минг. Секое утринско ѕвонење на ѕвоното и вечерното удирање на тапанот претставуваат древни повици што одекнуваат низ вековите. На крај се посетува **муслиманскиот пазар (Muslim Market),** најиконското гастрономско и културно место во градот. **Вечера** – традиционални кинески кнедли (Dumplings Dinner). Навечер можност за **факултативен излет – Шоу од династијата Танг (Tang Dynasty show) (40€ по лице)**. **Ноќевање.**

**Ден 6 – 07.03.2026 СИАН - ШАНГАЈ**

**Појадок.** По појадокот, трансфер до железничката станица и возење со брз воз - bullet train **(G362 08:52 – 15:06)** до Шангај. По пристигнувањето во Шангај, посета на **градината Ју (Yu Garden)**, најпознатата класична градина во Шангај, скриена во срцето на градот. Прошетајте низ елегантните павилјони, камени формации и езерца со лотоси, и восхитете се на префинетите резби и традиционалната архитектура. Следи посета на **Стариот град на Шангај**, некогашното срце на метрополата, денес претставува живописен дел од нејзиното урбано јадро. Посета на пешачката **улица Нанџинг (Nanjing Road)** опкружена со светски познати брендови, кафулиња и историски згради. Се продолжува кон прочуениот крајбрежен **кварт Бунд (The Bund)**, најпознатата знаменитост на Шангај, познат како „Изложба на меѓународна архитектура“, кој се одликува со 52 величествени градби во готски, барокен и арт деко стил. Од тука ќе уживате во прекрасен поглед на хоризонтот кон облакодерите во Пудонг (Pudong) преку реката Хуангпу (Huangpu). Организирана посета на **фабриката за свила. Вечера.** По вечерата, навечер ќе уживате во прекрасно **крстарење по реката Хуангпу (Huangpu River cruise)** што ќе ви овозможи панорамски поглед кон осветлениот Шангај, каде што Западот се сретнува со Истокот, а традицијата со модерноста. Ќе ја почувствувате волшебноста на градот, како и во величествените, импресивни облакодери. Враќање во хотелот. **Ноќевање.**

**Ден 7 – 08.03.2026 ШАНГАЈ**

**Појадок.** По појадокот, организиран излет до **водениот град Тонгли (Tongli Water Town)** разглед со возење со чамец низ каналите. Водениот град Тонгли се смета за еден од шесте познати древни водни градови јужно од рекатa Јангце, кој се наоѓа на околу 90 км оддалеченост од Шангај. Ако постои еден елемент што го обликувал овој дел од Кина, тоа е водата. Луѓето живееле и напредувале помеѓу овие езера, водни патишта и канали илјадници години. Тонгли е изграден за време на династијата Сонг (Song) и има историја долга повеќе од илјада години. Овој мал, но неверојатно фотогеничен воден град не само што има бројни канали, острови и мостови, туку се гордее и со класична кинеска градина заштитена од УНЕСКО, древни храмови и тесни улички. **Ручек.** Враќање во хотелот во Шангај. **Ноќевање.**

**Ден 8 – 09/10.03.2026 ШАНГАЈ – ВИЕНА – СКОПЈЕ**

**Појадок.** По појадокот слободно време за индивидуални активности или **можност за факултативен излет, посета на ТВ кулата Ориентал Перл (Oriental Pearl TV Tower)**, со висина од 468 метри, кулата е шеста највисока во светот и втора највисока ТВ и радио кула во Кина. Но, не е само нејзината височина таа што воодушевува, туку и нејзиниот впечатлив футуристички архитектонски дизајн, кој ја прави една од најпрепознатливите знаменитости на Шангај. Посетителите ќе имаат можност да се искачат и спуштат низ кулата со двоспратни лифтови кои примаат до педесет лица и се движат со брзина од седум метри во секунда, овозможувајќи возбудливо и удобно патување до набљудувачките платформи со величествен панорамски поглед кон градот. Потоа следи прошетка низ креативниот кварт **Тианзифанг (Tianzifang)**, област со уникатна архитектура на стариот Шангај. Мирно, уметничко и шармантно место, полно со мали бутици, галерии и продавници со уникатни ракотворби. **(Цена по лице: €65 по лице)**. Враќање во хотелот за освежување и одмор пред заминувањето кон аеродром.

Вечерта организиран трансфер до аеродромот во Шангај. Полетување од Шангај за Виена во 00:10 часот, локално време, со лет број OS 016. Слетување во Виена во 06:05 часот, локално време. Полетување од Виена за Скопје во 10:15 часот. Слетување во Скопје во 11:45 часот, по локално време.

| **КИНА**<br>**ПЕКИНГ, СИАН & ШАНГАЈ**<br>**ХОТЕЛИ 4*** | **ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ** | **02.03 – 10.03.2026** |
|---|---|---|
| | **УСЛУГИ** | **6 НВ** |
| | **НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ** | **6Н / 9Д** |
| **Цена по лице во двокреветна соба** | | **1.895€ / 117.490 мкд** |
| **РАН БУКИНГ ЦЕНА по лице за резервации до 30.12.2025** | | **1.745€ / 108.190 мкд** |
| Попуст за дете од 2 до 11,99 год* | | -100€ / -6.200 мкд |
| Доплата за еднокреветна соба | | 240€ / 14.880 мкд |
| *****Сместување на трето лице (дополнителен лежај – софа на отварање) само на барање, доколку има расположливи соби!** | | |

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

- ✓ Повратни авионски билети на релација Скопје – Пекинг / Шангај – Скопје, со авиокомпаниите Austrian Airlines и Lufthansa, со вклучени аеродромски такси.
- ✓ Вклучен багаж: 1 парче чекиран багаж до макс. 20 кг. и 1 парче рачен багаж до макс. 8 кг.
- ✓ Пречек и асистенција на аеродромот од страна на локалниот партнер.
- ✓ Сите трансфери и превоз спрема програмата.
- ✓ **2 ноќевања во хотел 4* во Пекинг** со појадок (Beijing Qianmen Jianguo Hotel или Boyue Beijing Hotel или Beijing Guangxi Hotel или сличен во Пекинг).
- ✓ **2 ноќевања во хотел 4* во Сиан** со појадок во хотел со 4* (Xi'an Bell Tower Hotel или сличен во Сиан).
- ✓ **2 ноќевања во хотел 4* во Шангај** со појадок (Shanghai Ocean Hotel или сличен во Шангај).
- ✓ **6 вечери спрема програмата**, вклучувајќи вечера со пекиншка патка во Пекинг и вечера со кнедли во Сиан.
- ✓ Сите разгледи и влезници во објектите кои се посетуваат спрема програмата.
- ✓ Билет со брз воз (bullet train) на релација Пекинг – Сиан и на релација Сиан – Шангај.
- ✓ Напомена: хотелите НЕ располагаат со трикреветни соби!
- ✓ Организација на аранжманот и придружник на патувањето.

## ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:

- ✓ Задолжително меѓународно патничко здравствено осигурување.
- ✓ Бакшиши за локалните водичи и возачи кои се задолжителни.
- ✓ Користење на одредени содржини во хотел кои може да се предмет на доплата.
- ✓ Дополнителни оброци, пијалоци и други индивидуални трошоци, и услуги надвор од програмата.
- ✓ Факултативни екскурзии.
  - Акробатско шоу **(35€ еур по лице).**
  - Шоу од династијата Танг **(40€ по лице).**
  - Кулата Ориентал Перл и Тианзифанг **(Цена по лице: €65 по лице).**

## КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПАТУВАЊЕТО:

- За македонските државјани НЕ Е ПОТРЕБНА виза за влез во Кина, за престој помалку од 30 дена.
- Патниците кој патуваат со друг пасош да проверат во својата амбасада дали им е потребна виза за влез во Кина.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува.
- Локалното време е плус 7 часа во однос на времето во Македонија.
- Кина е земја каде што е вообичаено и задолжително да се дава бакшиш за услуги во хотели, ресторани, автобуси...

## Забелешки:

- Организатор на ова патување е АУРОРА Турс.
- **За реализација на аранжманот, потребен е минимален број од 15 патници.** Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- За резервации потребен е аванс од минимум 40% од вкупнот износ на аранжманот.
- Целосна уплата, најдоцна дваесет (20) дена пред започнување на аранжманот.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Организаторот на патувањето го задржува правото, во случај на промена на цената на превозот (авионските билети, аеродромски такси), да ја промени и цената на аранжманот.
- Минимален број за реализација на факултативите по дадените цени во програмата е минимум 10 патници, во спротивно цената може да биде соодветно корегирана.
- **Како би се направиле навремени резервации и осигурала реализација на факултативните излети, изјаснување и пријавување за истите задолжително е да се направи во агенција пред почеток на аранжманските услуги.**
- Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се да ги приложат во агенцијата за проверка, патната исправа треба да е валидна минимум 6 месеци по завршувањето на аранжманот.
- Организаторот го задржува правото за отказ на аранжманот 7 дена пред патувањето.
- За оваа програма важат Општите Услови на Патување на Аурора Турс.



• • •

**АУРОРА ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ**

Јане Сандански ДТЦ 13 Ноември, Лок.4, Аеродром – Скопје

**(02) 2464 440 | www.aurora.mk | info@aurora.com.mk**